# З А П И С Н И К

**од 26-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово**
**одржана на ден 29.09. 2023 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 11.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа 14 советници, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација. Отсутен беше советникот Лазар Ангелов .

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

Пред да се премене на работа по дневниот ред на 24-тата редовна седница од страна на претседателот беше предложено дополнување од 3 точки:

1.Предлог - Одлука за одобрување на финансиска помош за санирање на штетите од пожар на индивидуална куќа во с. Брајковци;

2. Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства на УСК Валандово за реализација на програмски активности;

3.Предлог – Програма за измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година:

Беше отворена расправа по Дополнувањето. Никој не се јави за збор и истото беше ставено на гласање и изгласано со 14 гласа ЗА.

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Годишен извештај за работата на СОУ “Гоце Делчев” Валандово заучебната 2022/2023 година;

2. Годишна програма за работа на СОУ “Гоце Делчев” Валандово за учебната2023/2024 година;

3. Годишен извештај за работата на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за учебната2022/2023 година;

4. Годишна програма за работа на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за учебната2023/2024 година;

5. Предлог - Одлука за давање согласност на ЈОУДГ Калинка Валандово за организирање на работата со помал, односно поголем број на деца од законски утврдениот број;

6. Предлог - Програма за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за учебната 2023/2024 година;

7. Предлог - Одлука за до обезбедување на финансиски средства за сопствено учество во реализација на Проектот „Туризмот – иднината на регионот”;

8. Мислење за барањето на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово за одобрување на посета на 15 ученици и 5 вработени во училиштето по покана за учество на тридневната манифестација „Вукови Дани” во с.Степојевац, Општина Лазаревац,Република Србија.

9. Предлог - Одлука за одобрувување на финансиска помош за санирање на штетите од пожар на индивидуална куќа во с. Брајковци

10. Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства на УСК Валандово за реализација на програмски активности.

11.Предлог – Програма за измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави истиот беше ставен на гласање и едногласно со 14 гласа ЗА беше усвоен.
Беше отворена расправа по записниците од 24 тата и 25 тата редовна седница на советот на Општина Валандово.

Никој не се јави за збор и истите беа ставени на гласање и изгласани со: 14 гласа ЗА.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

По Годишниот извештај за работата на СОУ “Гоце Делчев” Валандово за учебната 2022/2023 година беше повикана директорката на училиштето Ташка Гетова да даде образложение.

Беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 14 гласа ЗА

ТОЧКА 2

По Годишната програма за работа на СОУ “Гоце Делчев” Валандово за учебната 2023/2024 година повторно директорката на училиштето Ташка Гетова даде образложение.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска.Таа че дека се согласува со тоа дека Годишната програма е документ кој треба да ги содржи основните податоци за училиштето, но таа забележа дека Програмата за работа на училиштето за оваа година е 99,9 % иста со Програмата од минатата година и од ова се гледа колку сме креативни и иновативни. Го наведе барањето за согласност за паралелки со помал број на ученици и праша што е тоа со што ќе привлечеме поголем број на ученици, со оглед на тоа што сега имаме парлелки со 5 ученици. Праша дали се вложува доволно и дали за сметка на новите струки во училиштето ќе згаснат традиционалните гимназиска и земјоделска струка и како ќе ги натераме нашите деца кои сеуште не се определени, да учат тука ако нема гимназиска струка.Рече дека не наидела во Програмата на нешто што ќе ги натераме учениците да се запишат тука. И во програмата на директорот стои дека ќе се обезбеди прием на бесплатните учебници за учениците, па таа ја праша директорката дали учениците имаат добиено учебници.

Директорката на училиштето Ташка Гетова даде образложение. Рече дека намалувањето на бројот на ученици во гимназиските струки е тренд насекаде во државата да се рекламира и промовира стручното образование за кое и државата дава стипендии,се воведе учење преку работа, но квалитетот на наставата во гимназиските паралелки е на највисоко ниво. Учебници има доволно,бидејќи кога се добија учебниците бројот на ученици беше поголем и сега учебниците можат да се бираат и да заменуваат со понови.Училиштето има

комисија која ќе работи на промоција на училиштето за да се привлечат повеќе ученици,а да згасне земјоделската струка не смее да се дозволи, бидејќи секаде се промовираме како земјоделски крај Грантот во вредност од 500 000 евра кој училиштето го има добиено половина е за земјоделската струка. Во последните 7 години училиштето бара нови струк, но од страна на МОН не се дозволува отварање на истите. Да се запраша бизнис секторот колку средства оставаат секојдневни тие деца во другите градови. Ако тие 70 ученици се запишат и останат да учат овде, ќе имаат придобивки сите, бидејќи само за појадок тие ученици околу 3000 евра на месечно ниво би останале во нашиот град. Во поголемите градови опасноста од пороците е многу поголема, а и кога се прават анкетите со деветто одделенците пред да се запишат на страна, одговорот на прашањето -ЗОШТО , во 90 % е заради ПОГОЛЕМИОТ ГРАД.

Немаше други пријавено за дискусија па Годишната програма за работа на СОУ "Гоце Делчев" Валандово за учебната 2023/2024 година беше ставена на гласање и изгласан со 14 гласа ЗА

ТОЧКА 3

По Годишен извештај за работата на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за учебната 2022/2023 година беше повикана да даде образложение директорката на градинката Марија Тодорова Занова. Таа во своето излагање покрај другото искажа пофални зборови за зголемениот број на деца во градинките во општината што се должи на отварањето на новата градинка во Брајковци и Одлуката за бесплатен престој и во јуни оваа година бројот на деца беше 300.

ТОЧКА 4

По Годишната програма за работа на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за учебната 2023/2024 година повторно директорката даде образложение.Рече дека оваа се година стартува со една група повеќе од минатата и 2024 година е јубилејна за градинката. Се смета 50 години јубилеј.

ТОЧКА 5

По Предлог - Одлука за давање согласност на ЈОУДГ Калинка Валандово за организирање на работата со помал, односно поголем број на деца од законски утврдениот број немаше пријавено за дискусија па истата беше ставена на гласање и беше изгласана едногласно со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 6

По Предлог - Програма за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за учебната 2023/2024 година немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и беше изгласана со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 7

По Предлог Одлуката за обезбедување на финансиски средства за сопствено учество во реализација на Проектот „Туризмот – иднината на регионот" образложение даде Стефан Димитров, вработен во општинската администрација. Рече дека се работи за дообезбедување на средства за проектот кој на јавната набавка постигна поголема цена вкупно 720 000 денари, а општината треба да обезбеди пак исто ,16% , а тоа е 113 920 денари.

Беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 13 гласа и 1 ВОЗДРЖАН.

ТОЧКА 8

По Мислење за барањето на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово за одобрување на посета на 15 ученици и 5 вработени во училиштето по покана за учество на тридневната манифестација „Вукови Дани” во с.Степојевац, Општина Лазаревац,Република Србија немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 9

По Предлог - Одлука за одобруввање на финансиска помош за санирање на штетите од пожар на индивидуална куќа во с. Брајковци во износ од 120 000 денари немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 10

По Предлог – Одлуката за одобрување на финансиски средства на УСК Валандово за реализација на програмски активности во износ од 80 000 денари, немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 11

По Предлог – Програма за измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година образложение даде Ѓоко Аврамски, раководител на одделението за урбанизам..

Беше отворена расправа. Немаше пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ.

Со ова беше исцрпен дневниот ред.
Беше отворен делот за

СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА

Анита Коцева
До каде е работата со улицата Моша Пијаде во Јосифово, бидејќи веќе подолго време не се работи?

Градоначалникот даде одговор дека работата на улицата е отпочната пред 13 месеци и се движела во очекуваниот тек се додека фирмата која ги изведуваше работите не пропадна. Министерството за транспорт и врски направи пресек и распиша нова постапка за јавни набавки и се избра нова компанија која ќе работи во наредниот период. Јасно е дека имаше поголем застој, но не поради причини од Општина Валандово.

Немше други советнички прашања па седницата беше заклучена.

Записничар
С.Х.Јовановиќ

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков